**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - Неготино период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/2019,229/2020,3/2025,74/2025 година) Општинското основно училиште Гоце Делчев - Неготино изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 18.9.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Елена Кабранова – училишен психолог
- Весна Трајкова – училишен педагог
- Павлинка Вељаноска – наставник-ментор
- Пепица Трајкова – специјален едукатор и рехабилитатор
- Гордана Андонова – одделенски наставник

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот октомври, 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Јулијана Ефремова<br>2. Андријана Донова<br>3. Милица Димова<br>4. Данче Димчева<br>5. Маргарита Т. Зафирова<br>6. Ристе Којчев<br>7. Ристенка Камчева<br>8. Велика Вељанова<br>9. Весна Јованова<br>10. Трајанка М. Андова<br>11. Дејан Јанев<br>12. Благојка Нуткова<br>13. Софче Ристова |

| | |
|---|---|
| 2. Постигања на учениците | 1. Пандорка Илкова<br>2. Елизабета Трпковска<br>3. Жаклина Стојанова<br>4. Весна Лазарова<br>5. Стојче Ѓорѓиев<br>6. Тања Петков<br>7. Гордана Ноткова<br>8. Сузана Малчева<br>9. Надица Делкова<br>10. Даниел Ристиќ<br>11. Бисера Ристиќ<br>12. Јасминка Трпковска<br>13. Ленче Сотировска<br>14. Слаѓана Ганчева |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Весна Ристова<br>2. Тања Арсова<br>3. Ивица Јуришиќ<br>4. Горан Ќимов<br>5. Сузана Јованова<br>6. Ѓурѓица Андонова<br>7. Горан Стојановски<br>8. Марјонка Андоновска<br>9. Александра Донева<br>10. Андријана А. Атанасова<br>11. Дарко Петровиќ<br>12. Анастасија Манојловиќ<br>13. Билјана Илова |
| 4. Управување и раководење | 1. Канита Гичовска<br>2. Дијана Ралева<br>3. Антонела Лазова<br>4. Марина Коцева<br>5. Елена И. Јанева<br>6. Филип Соколов<br>7. Петар Мантев<br>8. Орданчо Ристов<br>9. Роска Клинчарова<br>10. Трендафилка Стојанова<br>11. Трајче Марков<br>12. Даниела А. Јованова<br>13. Тане Анѓеловски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали,

според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 4.11.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставниците добиваат навремена обука за примена на современи методи во наставата и истите се дисеминираат во училиштето. Стручната служба и директорот го следат планирањето на наставата како и наставните часови. Тие разминуваат искуства на ниво на стручен актви и се поддржуваат и помагаат меѓусебе за подобрување на квалитетот на наставните часови. Дел од наставниците следат рализчни медиуми и соработуваат регионално сакајќи да ги следат модерните текови во образованието. Оваа пракса треба да се прошири на поголем број наставници. Наставниците по ФЗО се соочуваат со потешкотии во рраализација на наставата бидејќи училиштето нема спортска сала.Наставните планови и програми се реализираат во целост и постои механиза на замена на отсутни наставници или наставници кои се на боледување. Училиштето нуди слободни изборни предмети согласно интересите на учениците и тие во голема мера самите одлучуваат за предметот кој го изучуваат. Голем дел од наставниците користат различни задачи, активности и ресурси како искуствено учење, учење од проекти, решавање проблеми  итн. за задоволување на потребите на учениците за интересна и интерактивна настава и настава која поттикнува критичко размислување и вклучување. Најголем дел од учениците се чувствуваат прифатено од наставниците и своите соученици што значи дека наставниците се однесуваат со почит и разбирање. Тие се чувствуваат слободни да се изразат на часовите и да побараат помош кога нешто не им е јасно. Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим како и инклузивен тим за ученици за сите ученици со посебни образовни потреби. Има изготвено ИОП според кои  се поставени посебни образовни цели и методи за работа со овие ученици. Не постои соработка со  центарот за подршка сместен во ООУ Страшо Пинџур  -Неготино за унапредување на наставата со овие ученици. Во училиштето се спроведуваат МИО активности, каде што секој наставник е задолжен да реализира барем 4 наставни часови со МИО содржини. Мал број ученици биле вклучени во соработка со ученици од други училипта од друга култура. Учениците и родителите во најголем број го доживуваат училиштето како безбедна и поттикнувачка средина за учење. Учениците се пофалувани за својот труд и успех од страна на наставниците во голема мера. Наставниот кадар може да ги идентификува учениците со потешкотии во учењето и напредните ученици.<br>Во нашето училиште има политика за оценување на постигањата и резултатите кои ги постигнуваат учениците.Учениците редовно се оценуваат. Имено учениците од прվиот опериод се оценуваат описно , учениците од вториот период се оценуваат описно и бројчано на крајот од учебната година и учениците од третиот период се оценуваат бројчано.<br>Во процесот на оценување наставниците користат повеќе методи и инструменти за оценување. Постигањата на учениците континуирано се следат од страна на наставниците, тоа се евидентира и користи при формирањето на оценките. Наставниците користат форми на формативно оценување<br>Коефициентот на континуитетот на успехот во третиот период на образование во двете последни учебни години: 2023/24 година , среден успех на полугодие 3,48 а на крај на учебна година 4,11. Што значи има отстапување од 0,63 а во учебната 2024/25 средниот успех на крај |

| |
|---|
| од прво полугодие е 3,58 а на крај од учебна 2024/25 е 3,88 со отстапување од 0,30 што значи се зголемува.<br>Поголем дел од наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето со цел да се подобри планирањето и реализацијата на наставата. Учениците редовно се известуваат за нивните постигања, добиваат повратна информација. Редовно се запознаваат и родителите преку достаоноста во е-дневник и редовно реализираните родителски состаноци. Се реализира ат и отворени родителски средби на кои родителите индивидуално разговараат со наставниците за соодветен наставен предмет.<br>Во нашето училиште се реализираат воннаставни активности во согласност со наставниот план и програма и новата концепција. Со новата концепција се става посебен акцент на воннаставните активнбости кои треба да се содржајни, квалитетни и разновидни. Од оваа причина потребно е обезбедување на подобри услови за нивна реализација. Училиштетро работи во две смени и наставниците се соочуваат со проблеми во реализација на истите. Се чувствува потребата од едносменско работење.<br>Многу мал број на ученици се вклучени во изборот на воннаставни активности. Обично тоа го прават наставниците. Но за учеството во некој проект или спортски клуб тие претходно се запознаени и тие одлучуваат за изборот се разбира во соработка со одговорниот наставник.<br>Секоја учебна година учениците учествуваат на општински, регионални,државни и меѓународни натпревари, на истите се здобиваат со повеќе награди<br>но кога станува збор за релизација на дополнителни и додатни часови не се реализираат според потребите и барањата на учениците. |
| **Силни страни**<br>- Наставниот кадар соработува при планирање на наставата во рамките на своите стручни активи и разменува искуства од реализацијата на наставните содржини<br>- Наставниот кадар нуди разновидни активности, методи и задачи со цел да ја подобри мотивацијата и интересето на учениците за учење<br>- Учениците слободно го изразуваат своето мислење и бараат помош кога нешто не им е јасно<br>- Најголем дел од учениците сметаат дека часовите се интересни и интерактивни<br>- Интеракцијата помеѓу учениците, помеѓу наставниците и помеѓу наставниците и учениците е со почит и разбирање<br>- Соработката помеѓу образовните асистенти и наставниците е на високо ниво<br>- Училиштето е безбедна и мотивирачка средина за учење<br>- Учество на натпревари со повеќе освоени награди |
| **Слаби страни**<br>- Мал број на наставници се вклучени во регионална, национална или меѓународна соработка со цел подобрување на квалитетот на наставата и следење на модерните образовни текови<br>- Не постои сорботка со центарот за подршка во ООУ Страшо Пинџур- Неготино<br>- Училиштето не поседува асистивна технологија<br>- Мал број на активности со училишта од друга култура<br>- Немање услови за реализација на настава по ФЗО во ПУ с. Д.Дисан<br>- Недоволна реализација на дополнителна и додатна настава<br>- Немање доволно временски услови за реализација на дел од воннаставните активности поради двосменско работење<br>Учениците не се диоволно вклучени во изборот на воннаставните активности |
| **Приоритети**<br>- Поттикнување на соработката на наставниците со регионални, национални и меѓународни партнери, со цел размена на добри практики и унапредување на квалитетот на наставата<br>- Воспоставување на соработка со ресурсниот центар во ООУ Страшо Пинџур – Неготино<br>-Изградба на спортска сала во ПУ с.Д.Дисан |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br>Во однос на постигањата на учениците, училиштето постојано презема активности насочени кон унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на учениците. Според направените анализи, учениците во континуитет покажуваат високи постигања и задоволителен ниво на успех.<br>Во учебната 2023/24 година, учениците од одделенска настава постигнале среден успех од 4,50, а учениците од предметна настава 4,15, со вкупен среден успех на ниво на училиште од 4,27.<br>Во учебната 2024/25 година, средниот успех кај учениците од одделенска настава е 4,46, а кај учениците од предметна настава 3,89, што дава вкупен успех на ниво на училиште од 4,17. И покрај благо намалениот успех во втората година, постигнувањата остануваат високи и стабилни.<br>На крајот од секоја учебна година, училиштето врши избор на првенец на генерацијата и пофалување на ученици кои се истакнале со знаење, ангажираност и учество во натпревари и проекти. Процедурата за избор на првенец е утврдена со внатрешни акти и критериуми донесени од Наставничкиот совет. Се земаат предвид континуиран успех, примерно поведение, учество во натпревари и активности, како и личен придонес во афирмација на училиштето.<br>Според анализата на постигањата по наставни предмети, највисок среден успех учениците постигнуваат по Физичко и здравствено образование, додека најнизок успех е забележан по Математика. Според полот, женските ученици постигнуваат повисок среден успех во однос на машките ученици. Во однос на етничката припадност, не може да се направи целосна анализа поради малиот број ученици од други етнички заедници (1–2 ученици по паралелка).<br>Со учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, се организира дополнителна настава, за која се изготвува месечен распоред. За учениците кои покажуваат надареност и интерес за одредени предмети, се реализира додатна настава и подготовка за натпревари, на кои тие редовно освојуваат награди и признанија. За учениците со посебни образовни потреби (ПОП), наставниците изработуваат индивидуални образовни програми (ИОП) во соработка со дефектолог и образовен асистент. Наставниците изразуваат потреба од дополнителни обуки за унапредување на работата со ученици со ПОП и за подобро прилагодување на наставните активности.<br>Во училиштето постои развиен систем за информирање на родителите за постигнувањата и успехот на нивните деца.По завршувањето на секој квалификационен период, родителите се информираат на родителски средби, а редовно имаат можност да го следат успехот на своите деца преку е-Дневникот. Стручната служба врши увиди во е-Дневникот и изготвува извештаи за ажурност и точност, при што по потреба се вршат корекции. На крајот од секоја учебна година, наставниците изготвуваат евидентни листови за успехот, а учениците добиваат свидетелства и додатоци на свидетелство. Во училиштето постои јасна процедура за поднесување жалби во случај на незадоволство од оценката или повторување на одделението.<br>Редовноста на учениците е на задоволително ниво. Поголемиот дел од изостаноците се оправдани поради болест, додека неоправданите изостаноци се санкционираат преку педагошки мерки и советодавни разговори. Училиштето активно соработува со Центарот за социјална работа (ЦСР), врши посети на семејства и спроведува корективни мерки, кои даваат позитивни резултати. Психологот на училиштето редовно врши советување со родители и ученици. Како резултат на тие активности, е забележано зголемување на редовноста, подобрување на училишниот успех и позитивна промена во однесувањето кај учениците кои биле повикани на разговор. Споредбата на двете полугодија покажува намалување на бројот на ученици со три или повеќе слаби оценки во второто полугодие. За унапредување на наставниот процес и постигнувањата на учениците, наставниците континуирано следат обуки кои им овозможуваат примена на современи методи, техники на учење и дигитални алатки во наставата. Овие активности придонесуваат за иновативна и ефикасна настава, прилагодена на потребите на учениците и новите образовни стандарди. |

| |
|---|
| **Силни страни**<br>■ Високи постигања на учениците во континуитет, со просечен успех над 4,00 на ниво на училиште во двете учебни години.<br>■ Развиен систем за следење и анализа на успехот, со редовна подготовка на извештаи и евидентни листови од наставниците и стручната служба.<br>■ Ефикасна комуникација со родителите, преку редовни родителски средби, индивидуални консултации и електронски дневник.<br>■ Организирана дополнителна и додатна настава која овозможува поддршка на учениците со потешкотии, како и развој на надарените ученици.<br>■ Редовна реализација на воннаставни активности со вклучување на ученици во различни натпревари, проекти и манифестации.<br>■ Јасна процедура за избор на првенец на генерацијата, со транспарентни критериуми и вклученост на повеќе училишни тела.<br>■ Редовна советодавна работа на стручната служба (психолог, педагог, дефектолог) со позитивни ефекти врз редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>■ Соработка со Центарот за социјална работа и навремено преземање мерки за учениците со поголем број неоправдани изостаноци.<br>■ Континуиран професионален развој на наставниците преку обуки за современи методи, дигитални алатки и индивидуализиран пристап.<br>■ Високо ниво на ангажман и одговорност кај наставниот кадар, што придонесува за стабилни резултати на учениците. |
| **Слаби страни**<br>● Благо опаѓање на средниот успех во учебната 2024/25 година во однос на претходната (од 4,27 на 4,17).<br>● Неможност за споредбена анализа на постигањата меѓу учебни години поради недостиг на стандардизирани тестови.<br>● Нееднакви услови за реализација на воннаставни активности – учениците од предметна настава имаат ограничено време поради двосменското работење.<br>● Потреба од дополнителни обуки за наставниците во делот на изработка и примена на индивидуални образовни програми (ИОП) за ученици со ПОП.<br>● Недоволна застапеност на ученици од различни етнички заедници, што го ограничува целосното следење на постигањата по етничка припадност.<br>● Ограничени просторни и временски услови за едносменско работење, што влијае врз квалитетот и обемот на дополнителната и додатната настава.<br>● Недоволна ажурираност на веб-страницата на училиштето, поради што постигањата на учениците не се доволно видливи за јавноста.<br>● Непотполна дигитална анализа на податоците за успех, изостаноци и дисциплина – потребно е поефикасно користење на аналитички алатки. |
| **Приоритети**<br>1. Подобрување на условите за воннаставни активности преку **поттикнување едносменско работење** и усогласување на распоредот на часовите.<br>2. Ажурирање и дигитална **трансформација на веб-страницата на училиштето** за редовно прикажување на постигањата, активностите и успесите на учениците и зголемување на видливоста на резултатите на учениците и училиштето во јавноста преку социјални мрежи, медиуми и училишната веб-страница.<br>3. Јакнење на компетенциите на наставниците преку **континуирани стручни обуки** за: примена на современи методи на настава,работа со ученици со посебни образовни потреби (ПОП),користење дигитални алатки и интерактивни ресурси. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br>Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Препознатливо е по високиот квалитет на работа и континуираната насоченост кон остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градењепозитивниодносимеѓуситечинителивовоспитно-образовниотпроцес,взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.<br>Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. Наставниците се соочуваат со проблеми во изготвувањето на ИОП за децата со ПОП и имаат потреба од дополнителни обуки.Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонаставните активности. Педагошко-психолошката служба во училиштето има добра соработка со наставниците, родителите и учениците и со успех ги решаваат одредени потешкотии.<br>Во училиштето постои демократски избрана Ученичка заедница и Ученички парламент кои учествуваат во решавањето проблемии донесувањето одлуки што се од непосреден интерес за<br>учениците. На демократски начин се избира и Дете правобранител кој недоволно е активен за промовирање на правата на децата.<br>Училиштето ги промовира личните постигнувања на учениците преку разни електронски печатени медиуми. Наставниците успешно ги мотивираат учениците да земат учество на разни натпревари, активности и манифестации каде се стекнуваат со разни награди, признанија и пофалби. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и успеси. Се промовираат еднаквоста и правичноста на сите структури што учествуваат во воспитно-образовниот процес. Во просториите на училиштето се организираат работилници со родителите со цел да ги запознаат со правата на децата. Воспоставена е здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или разлика во способностите.<br>Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот Училиштето презема добро испланирани активности и обуки за да ги поттикнат родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на сите нивоа. Преку Советот на родители и Училишниот одбор родителите се информираат за сите училишни активности, даваат предлози, мислења и сугестии. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти. Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница . |

| |
|---|
| **Силни страни**<br><br>• Училиштето е препознатливо во локалната средина и редовно се промовира преку медиумите.<br>• Застапена е  иницијативност и иновативност на сите учесници во образовниот процес.<br>• Редовно се почитуваат иприменуваат училишни правилници  и кодекси.<br>• Постои динамична,работна,пријатна и творечка атмосфера за време на наставата.<br>• Учениците се мотивирани да учествуваат на општински, регионални и  државни натпревари.<br>• Постигнувањата на учениците соодветно се вреднуваат и наградуваат.<br>• Во училиштето функционира Ученички парламент и учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот наУ ченичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес.<br>• Училиштето соработува со родителите и им дава континуирана повратна информација за постигнувањата на нивните деца.<br>• Училиштето е отворено за соработка со локалната средина и ги вклучува родителите и пошироката заедница во воспитно-образовниот процес.<br>Во училиштето има истакнато знаци на видни места за забрана на пушење и има работилницизa превенција од цигари, алкохол и дрога.<br>• Се почитуваат индивидуалните особини на ученикот,се следат емотивните,социјалнитеи физичките потреби на секој ученик.<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието |
| **Слаби страни**<br>- Недоволно разиени  компетенции на наставниците за изготвување на ИОП и работа со ученици со ПОП<br>-Нереализирање на активностите од програмата за работа на Дете правобранител |
| **Приоритети**<br>Учество на наставниците во обуки за изготвување на ИОП и работа со ученици со ПОП<br>Зголемување на реализацијата на активностите од програмата за работа на Дете правобранител |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме**<br>Согласно Законот за основно образование раководењето во училиштето е во надлежност на директорот, кој истото го реализира соодветно според Годишната програма и равојното планирање. Училишниот одбор е во партнерски однос со останатите структури со кој има добра меѓусебна соработка. Советот на родители не е добро информиран за некои одлуки на училишниот одбор. Претставниците ја следат раководната политика, финансиите и нивното реализирање. Постои отвореност на раководството за прифаќање на нови идеи, сугестии, проекти и други активности од сите субјекти во училиштето. Во основното училиште се одржуваат состаноци: работни и информативни на кои редовно присуствуваат наставниците.<br>Управувањето со ресурси е на високо ниво. Училиштето поседува ресурси за квалитетно изведување на наставните и вонnаставните активности. Библиотеката е опремена со потребните лектирни изданија,поседува читална, компјутер и се води библиотечна евиденција.<br>Раководењето со кадарот е на високо ниво, Сите наставници се соодветни според норматив и постои практика за замена на отсутен наставник. Се почитуваат потребите на наставниците во однос на професионалниот развој и се планира според нивните лични професионални планови. Потребно е да прецизира систем за наградување на квалитетна работа на кадарот заради мотивација и поголеми постигнувања во воспитно – образовната работа. Професионални досиеа на наставниците постојат но се ажурирани.<br>Развојното планирање се следи и директорот носи одлуки во согласност со ова. Со развојното планирање се запознати сите училишни структури. Планирањето и реализирањето на училишниот буџет е согласно развојните цели.<br>Сите се со солидни услови за работа. Генерално, развојната политика на основното училиште е во правец на модернизација на воспитно-образовниот развој со активно учество на сите релевантни фактори, продолжување на проектните активности и перманентна едукација на наставниот кадар. |
| **Силни страни**<br>➢ Информирањето од страна на раководниот тим е редовно и квалитетно, а соработката меѓу раководниот тим-наставниците-учениците е на високо ниво<br>➢ Раководниот тим спроведува солидна политика за градење на здрава училишна клима и култура. Училиштето ја истакнува работата со работните тимови кои заеднички ја спроведуваат политиката, училишната клима и култура за да се овозможи поуспешно |

| |
|---|
| управување и раководење во училиштето.<br>➢ Училиштето во голема мера поседува ресурси за квалитетно реализирање на наставните и воннаставните активности<br>➢ Библиотеката е добро опремена и претставува место каде што учениците ќе можат да престојуваат<br>Се води грижа за професионалниот развој на наставниците и се дозволува отсуства на сметка на стручно надоградување |
| **Слаби страни**<br>➢ Невклученост на ученичката заедница во работата на Училишниот одбор<br>➢ Немање на конкретен систем за наградување на вработените за квалитетно извршени задачи т.е.можности за наградување на успешни наставници<br>➢ Нередовно пренесување на информации од училишен одбор до совет на родители<br>➢ Неажурирани професионални досиеа на наставници |
| **Приоритети**<br>➢ Развивање на конкретен систем за мотивација и наградување на наставниот кадар<br>➢ Ажурирање на професионални досиеја<br>➢ Подобрување на комуникацијата помеѓу училишен одбор и совет на родители |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- **Поттикнување на соработка на наставниците со регионални, национални и меѓународни партнери со цел размена на добри практики и унапредување на квлитетот на наставата**
  **Предлог мерка – стапување во контакт со организации и училишта од регионот и пошироко за остварување на соработка**
- **Воспоставување на соработка со центарот за поддршка во ООУ СТРАШО ПИНЏУР – Неготино**
  **Предлог мерка – Остварување на средба со ООУ СТРАШО ПИНЏУР – Неготино и потпишување на договор за соработка**
- **Изградба на спортска сала во ПУ с. Долни Дисан**
  **Предлог мерка – обезбедување финасиски средства и одобрение за изградба на спортска сала**
- **Подобрување на условите за воннаставни активности преку поттикнување на едносменско работење и**

**усогласување на распоред на часови**
**Предлог мерка – воведување на едносменско работење во училиштето**

- **Ажурирање и дигитална трансформација на веб страницата на училиштето за редовно прикажување на постигнувања, активности, успех на учениците, видливост на резултатите во јавноста**
  **Предлог мерка – Назначување на компетентно одговорно лице за водење на веб страница и доставување на информации до локален медиум Викимедиа.мк**
- **Јакнење на компетенции на наставниците преку континуирани стручни обуки**
  **Предлог мерка – активно учество во обуки поддржани од акредитирани обучувачи**
- **Учество на наставници во обуки за изготвување на ИОП и работа на ученици со ПОП**
  **Предлог мерка – обезбедување на обуки од акредитирани обучувачи за изготвување на ИОП и работа со деца со ПОП**
- **Зголемување на реализација на активности од програма за работа на дете – правобранител**
  **Предлог мерка – поттикнување, помош и поддршка на дете – правобранител во реализација на активности од програмата**
- **Развивање на конкретен ситем за мотивација и наградување на наставниот кадар**
  **Предлог мерка – формирање на комисија за изготвување на интерен правилник за пофалување и наградување на наставници**
- **Ажурирање на професионални досиеја**
  **Предлог мерка – Ажурирање на професионалните досиеја според новиот правилник**
- **Подобрување на комуникација помеѓу УО и Совет на родители**
  **Предлог мерка – назначување на лице од УО за комуникација и пренесување на информации во Совет на родители**

Комисија за спроведување на СЕУ:

Елена Кабранова ______________________________
Весна Трајкова ________________________________
Пепица Трајкова _______________________________
Павлинка Вељаноска ___________________________
Гордана Андонова _____________________________